Машински факултет
Број 02-599/4
2.07.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 173 став 1 и 2 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), член 69 став 1 точка 8 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), како и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), во врска со Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) Индустриски дизајн на Машинскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 50-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 2 јули 2020 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор во наставно-научно звање доцент

Асистент д-р Јелена Џокиќ, се избира во наставно-научно звање доцент во научната област Друго (Индустриски дизајн) (21424) на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за време од пет години.

### О б р а з л о ж е н и е

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје, на 8 мај 2020 година, распиша Конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област 21424 Друго (Индустриски дизајн).

Конкурсот за избор е објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха.

На Конкурсот се пријави д-р Јелена Џокиќ, асистент на Машински факултет во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 2 јули 2020 год., изјаснувајќи се по предлогот во Рефератот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” - Скопје број 1217 од 15 јуни 2020 год., со мнозинство од 48 гласа „за“ од присутни – приклучени 50 од вкупно 59 членови на Советот со наставно-научно звање, донесе одлука со која асистент д-р Јелена Џокиќ се избира во наставно-научно звање доцент во научната област Друго (Индустриски дизајн) (21424).

Одлуката да се достави до: именуваната, општа служба - досие, сметководство, наставно-научен совет и архивата на Машински факултет во Скопје.

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев